**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**UNIVERSITETI "NËNË TEREZA" NË SHKUP**
**УНИВЕРЗИТЕТ „МАЈКА ТЕРЕЗА" ВО СКОПЈЕ**

# B U L E T I N I
# I
# UNIVERSITETIT "NËNË TEREZA" NË SHKUP

# Б И Л Т Е Н
# НА
# УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА" ВО СКОПЈЕ

**Nr.55 / Бр.55**

**Shkup, 01 Shkurt 2023**
**Скопје, 01 Февруари 2023**

**Botim i Universitetit "Nënë Tereza" në Shkup**
**Издание на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје**

Redaktor i veprimtarisë botuese të UNT-së / Уредник на издавачката дејност на УМТ:
Prof. Dr. Izet Zeqiri, rektor

Redaktor i Buletinit / Уредник на Билтенот:
Prof. Dr. Mustafa Ibrahimi
Mr. Bujar Kajolli

Këshilli redaktues i Buletinit / Уредувачки одбор на Билтенот:
Prof.Dr. Mustafa Ibrahimi
Prof. Inor. Dr. Rizvan Sulejmani
Prof. Inor. Dr. Fati Iseni
Mukades Hajdari
Mr. Bujar Kajolli

**PËRMBAJTJA / СОДРЖИНА**

## FAKULTETI I SHKENCAVE TEKNIKE / ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ


1. Реферат за избор на соработник-асистент во наставно-научната област **Планирање на сообраќајот (22005)** на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (Д.Павлоски) / Referat për zgjedhje të një bashkëpunëtori - asistent në fushën mësimore shkencore **Planifikimi i trafikut (22005)** në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup (D.Pavloski) .................................................................... 4-10


## FAKULTETI I SHKENCAVE SOCIALE / ФАКУЛТЕТ ЗА ТЕХНИЧКИ НАУКИ


1. Реферат за избор на наставник во сите наставно – научни звања во наставно-научната област – **Социологија на масовни комуникации и информации (51122)** на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје (А.Авдиу) / Referat për zgjedhje të një mësimdhënësi në të gjitha thirjet mësimore – shkencore në fushën mësimore shkencore **Sociologjia e komunikimit masiv dhe informacionit (51122)** në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup (A.Avdiu) .......................................................11-23

**РЕФЕРАТ**
**ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО - НАУЧНА ОБЛАСТ ПЛАНИРАЊЕ НА СООБРАЌАЈОТ (22005) НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 29.09.2022 година, за избор на асистент во наставно - научна област Планирање на сообраќајот (22005) од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Фраскатиева класификација, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за технички науки, бр. 02-595/2, донесена на 01.11.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

1. **д-р Оливера Петровска**, вонреден професор на Факултетот за технички науки, Универзитет „Мајка Тереза“ **претседател**,
2. **д-р, Никола Крстаноски,** редовен професор на Технички факултет - Битола, Универзитет „св. Климент Охридски“ во Битола, **член,**
3. **д-р, Васка Атанасова,** редовен професор на Технички факултет - Битола, Универзитет „св. Климент Охридски“ во Битола, **член,**

Како членови на Рецензентска комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

На објавениот конкурс во, за избор на асистент во наставно - научна област *Планирање на сообраќајот (22005)* се пријави кандидатот:

1. **М-р Даниел Павлески**

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ ЗА КАНДИДАТОТ

М-р Даниел Павлески, е роден на 11.09.1985 година во Скопје и го завршува основното образование. Средното образование го завршува во 2004 година во АСУЦ „Боро Петрушевски“ - Скопје и стекнува со звање ТЕХНИЧАР ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ И ТРАНСПОРТ. Во 2008 година го одбранува дипломскиот труд на тема „Проектирање на систем за внесување и автоматска обработка на податоци од сообраќајните незгоди во Р. Македонија“ завршувајќи ги додипломски четиригодишни студии на студиската програма „Патен сообраќај и транспорт“ со средна оценка на успехот 8.32 и 248 кредити при што се стекнува со стручен назив ДИПЛОМИРАН СООБРАЌАЕН ИНЖЕНЕР на Технички факултет – Битола при Универзитетот “Св. Климент Охридски“ – Битола. Во 2018 година го одбранува магистерскиот труд на тема „Оценка на перформансите на адаптивна сообраќајна сигнална контрола во микро – симулациска околина“ завршувајќи ги постдипломски студии со средна оценка на успехот 9,54 и 93 кредити при што се стекнува со научен степен МАГИСТЕР ПО СООБРАЌАЈНИ НАУКИ на Технички факултет – Битола при Универзитетот “Св. Климент Охридски“ – Битола.

Од септември 2008 година кандидатот м-р Даниел Павлески бил вработен во Секторот за сообраќај на град Скопје, каде почнува да работи како Помлад соработник за планирање и развој на сообраќајот во одделението за планирање и развој на сообраќајот. Од март 2013 работи како Советник за анализа и режим на сообраќајот во одделението за контрола на сообраќајна сигнализација и

утврдени режими на сообраќајот, а од декември 2018 година раководи со одделението за јавен превоз – мониторинг и контрола до декември 2019 година.

Кандидатот м-р Даниел Павлески бил инволвиран во многу проекти на Град Скопје од обласа на сообраќајот и транспортот меѓу кои и проектот за урбан транспорт во Скопје – Автоматизирано управување на сообраќајот. Исто така, кандидатот м-р Даниел Павлески учествувал на голем број на домашни и меѓународни конференции и работилници, а бил дел и од европските проекти: RENAISSANCE (Testing of innovative strategies for clean urban transport in historic European cities), CREATE (Congestion reduction in Europe – Advancing transport efficiency), FLOW (Furthering less congestion by creating opportunities for more walking and cycling).

Кандидатот м-р Даниел Павлески во периодот август/септември 2019 година бил ангажиран како консултант – локален експерт за одржлива урбана мобилност, а од јануари 2021 година е ангажиран како кндивидуален консултант – специјалист за сообраќај.

Кандидатот м-р Даниел Павлески активно го владее англискиот јазик, а ги поседува голем број на компјутерски вештини и тоа:

- Напредно познавање на следниот софтвер за канцелариско работење: Microsoft Office including Outlook and Project;
- Напредно познавање на следниот софтвер за сообраќајно инженерство и транспортно планирање: VISSIM, VisVAP, VISTRO, LISA+, SYNCHRO STUDIO, SIDRA Intersection, HCS+, UTOPIA/SPOT, OMNIA;
- Основно познавање на следниот софтвер за сообраќајно инженерство и транспортно планирање: VISUM, VISUM SAFETY, VISWALK, AIMSUN, CORSIM, SUMO, TRANSYT, S-Paramics, quickGREEN, LinSig;
- Напредно познавање на следниот софтвер за компјутерско цртање: AutoCAD, CorelDRAW, AutoTURN, ParkCAD, TORUS;
- Основно познавање на следниот софтвер за работа со бази на податоци: Microsoft Access, MySQL
- Основно познавање на следниот софтвер за GIS: ArcMAP, QGIS;
- Основно познавање на следниот софтвер за 3D моделирање: 3DS Max, SketchUp;
- Основно познавање на следниве програмски јазици: VBA, VB.NET, Matlab, Python;

На 05.12.2019 година е избран во соработничко звање – Асистент на Факултетот за технички науки при Универзитетот „Мајка Тереза во Скопје“ во наставно научните области Планирање на сообраќајот (22005) и Безбедност во сообраќајот (22006). Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 23 од 15 Ноември 2019 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на целата поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УМТ, кандидатот м-р Даниел Павлески изведува вежби на прв циклус студии на студиската програма Сообраќајно транспортно инженерство.

Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот се наведени во табелата во Прилог, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Научноистражувачка дејност на кандидатот</u>**

По изборот во соработничко звање Асистент, м-р Даниел Павлески има објавено научни трудови со оригинални научни резултати од соодветната област, објавени во меѓународни научно/стручни списанија, како и трудови во зборници од разни научни собири и конференции:

1. Jajaga, E., Rushiti, V., Ramadani, B., Pavleski, D., Cantelli-Forti, A., Stojkoska, B., Petrovska, O., *An Image-based Classification Module for Building a Data Fusion Anti-Drone System*, International Conference on Image Analysis and Processing (ICIAP 2022), Springer International Publishing, 2022
2. O. Petrovska, J. Hristoski, D. Pavleski, A. Petrovski, *Development of a sustainable urban mobility plan for the city center of Bitola*, 4rd International Conference, Towards Sustainable Development Conference, October, Skopje, SEEJSD, Vol.5 (2/2021), pp. 166-173
3. Pavleski, D.; Miletic M.; Koltovska Neshoska, D.; Ivanjko, E.; *In-Depth Evaluation of Reinforcement Learning Based Adaptive Traffic Signal Control Using TSCLAB*, Transformation of Transportation, Springer, February, 2021
4. Bunevska-Talevska, J.; Pavleski, D.; *Developing sustainable urban mobility policy: example from four municipalities in North Macedonia*. Transport for Today's Society, 2021.

М-р Даниел Павлески бил член на тимот на УМТ којшто е еден од партнерите во научно – истражувачкиот проект „Анти дронови – Иновативен концепт за откривање, препознавање и следење на „Дронови убијци“ со SPS број: G5633, спонзориран од НАТО со времетраење од 2020-2022 година.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот се наведени во табелата во Прилог, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Стручно – апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

По изборот во соработничко звање Асистент, М-р Даниел Павлески има остварено резултати и во стручно-апликативната област, со учество како експерт/специјалист за сообраќај во различни проекти или соработник во изработка на различни сообраќајни проекти, студии и истражувања.

**Сообраќајни проекти, студии и истражувања:**

- Идеен проект за изградба на брз автобуски систем (автобуско метро) во градот Скопје, за трасата Ѓорче Петров – Ново Лисиче (запад – исток), 2021(соработник)

**Професионални овластувања и лиценци:**

- Овластување А/Б за изработка на проектна документација, изведба и надзор од областа сообраќајно инженерство и Овластување Б за ревизија на проектна документација од областа сообраќајно инженерство, Комора на овластени архитекти и овластени инженери;

**Сертификати:**

- Сертификат за учество и успешно завршување на **Летна школа за безбедност во сообраќајот** од 29 август до 08 септември 2022 година, Универзитет во Загреб, Факултет за сообраќајни и транспортни науки, 2022;
- Сертификат за успешно комплетирање на онлајн курс **„Безбедност во патно инженерство“**, Европска банка за обнова и развој, 2022;
- Сертификат за успешно комплетирање на обика „Управување со договори“, ЛЕОРОН институт, 2022;
- Сертификат за комплетирање на курс **„Безбедност во сообраќајот за надворешни партнери“**, Светска банка, 2021;
- Сертификат за успешно комплетирање на обука за **Ревизија на безбедност во сообраќајот**, Министерство за транспорт и врски, 2020;
- Сертификат за успешно комплетирање на обука за **Инспекција на безбедност во сообраќајот**, Министерство за транспорт и врски, 2020;

М-р Даниел Павлески активно учествувал при изготвувањето на елаборатот за ре акредитација на студиската програма за сообраќајно – транспорт инженерство за прв циклус на студии на универзитетот „Мајка Тереза“ - Скопје.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот се наведени во табелата во Прилог, со датуми и други релевантни податоци.

**<u>Оценка од самоевалуација</u>**

Кандидатот м-р Даниел Павлески, на само евалуацијата која се спроведе на Универзитетот „Мајка Тереза“, Скопје во учебната 2021/2022 година, добил позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за технички науки.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Даниел Павлески.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Даниел Павлески поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде реизбран во соработничко звањето асистент во научната област Планирање на сообраќајот (22005).

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за технички науки при Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, м-р Даниел Павлески да биде реизбран во соработничко звањето асистент во научната област Планирање на сообраќајот (22005).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Вонр. проф. д-р Оливера Петровска – претседател с.р.**
   Факултет за технички науки, Универзитет „Мајка Тереза“, Скопје

2. **Ред. проф. д-р Никола Крстаноски – член с.р.**
   Технички факултет, Универзитет „св. Климент Охридски“, Битола

3. **Ред. проф. д-р Васка Атанасова, член с.р.**
Технички факултет, Универзитет „св. Климент Охридски“, Битола

**ПРИЛОГ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **м-р Даниел Павлески**

**Институција:** **Факултет за технички науки, Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје**

**Научна област:** **Планирање на сообраќајот (22005)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1** | **Одржување на вежби** | |
| 1.1 | Одржување на вежби во академска година 2020/2021 на Факултет за технички науки, Универзитет Мајка Тереза – Скопје:<br>- Планирање на сообраќајот (2 часа неделно)<br>- Софтверски пакети во сообраќајот (2 часа неделно)<br>- Техники на управување на сообраќајот (2 часа неделно)<br>- Урбани транспортни системи (1 час неделно)<br>- Анализа на сообраќајни незгоди (2 часа неделно)<br>- Планирање и управување на товарен транспорт (2 часа неделно)<br>- Прибирање и анализа на транспортни податоци (2 часа неделно)<br>- Управување и контрола на сообраќајот (2 часа неделно) | 7,5*0,9=6,75 |
| 1.2 | Одржување на вежби во академска година 2021/2022 на Факултет за технички науки, Универзитет Мајка Тереза – Скопје:<br>- Планирање на сообраќајот (2 часа неделно)<br>- Софтверски пакети во сообраќајот (2 часа неделно)<br>- Техники на управување на сообраќајот (2 часа неделно)<br>- Урбани транспортни системи (1 час неделно)<br>- Анализа на сообраќајни незгоди (2 часа неделно)<br>- Планирање и управување на товарен транспорт (2 часа неделно)<br>- Прибирање и анализа на транспортни податоци (2 часа неделно)<br>- Управување и контрола на сообраќајот (2 часа неделно) | 7,5*0,9=6,75 |
| 1.3 | Одржување на вежби во академска година 2022/2023 на Факултет за технички науки, Универзитет Мајка Тереза – Скопје:<br>- Планирање на сообраќајот (2 часа неделно)<br>- Софтверски пакети во сообраќајот (2 часа неделно)<br>- Техники на управување на сообраќајот (2 часа неделно)<br>- Урбани транспортни системи (1 час неделно)<br>- Анализа на сообраќајни незгоди (2 часа неделно)<br>- Планирање и управување на товарен транспорт (2 часа неделно)<br>- Сообраќајно – транспортно право (2 часа неделно) | 7,5*0,9=6,75 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Управување и контрола на сообраќајот (2 часа неделно) | |
| **2** | **Консултации со студенти** | |
| 2.1 | Консултации со студенти во академска година 2020/2021 на Факултет за технички науки, Универзитет Мајка Тереза – Скопје:<br>- Зимски семестар (4 часа неделно)<br>- Летен семестар (4 часа неделно) | 4*0,2=0,8 |
| 2.2 | Консултации со студенти во академска година 2021/2022 на Факултет за технички науки, Универзитет Мајка Тереза – Скопје:<br>- Зимски семестар (4 часа неделно)<br>- Летен семестар (4 часа неделно) | 4*0,2=0,8 |
| 2.3 | Консултации со студенти во академска година 2022/2023 на Факултет за технички науки, Универзитет Мајка Тереза – Скопје:<br>- Зимски семестар (4 часа неделно)<br>- Летен семестар (4 часа неделно) | 4*0,2=0,8 |
| **3** | **Методско-дидактички обуки или семинари на Универзитетот** | |
| 3.1 | Акредитација и нови студиски програми - Универзитетски семинар, 13 февруари, Скопје, 2020 | 1 |
| 3.2 | Унапредување на вештините на наставниците за online настава, 17-18 септември, Скопје, 2020 | 1 |
| | **Вкупно** | **24,65** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен со меѓународен уредувачки одбор** | |
| 1.1 | O. Petrovska, J. Hristoski, D. Pavleski, A. Petrovski, ***Development of a sustainable urban mobility plan for the city center of Bitola***, 4rd International Conference, Towards Sustainable Development Conference, October, Skopje, SEEJSD, Vol.5 (2/2021), pp. 166-173 | 2,4 |
| 1.2 | Pavleski, D.; Miletic M.; Koltovska Neshoska, D.; Ivanjko, E.; *In-Depth Evaluation of Reinforcement Learning Based Adaptive Traffic Signal Control Using TSCLAB*, Transformation of Transportation, Springer, February, 2021 | 2,4 |
| 1.3 | Bunevska-Talevska, J.; Pavleski, D.; *Developing sustainable urban mobility policy: example from four municipalities in North Macedonia*. Transport for Today's Society, 2021. | 2,7 |
| 1.4 | Jajaga, E., Rushiti, V., Ramadani, B., Pavleski, D., Cantelli-Forti, A., Stojkoska, B., Petrovska, O., *An Image-based Classification Module for Building a Data Fusion Anti-Drone System*, International Conference on Image Analysis and Processing (ICIAP 2022), Springer International Publishing, 2022 | 1,8 |
| **2** | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| 2.1 | Anti-Drones – Innovative concept for detecting and neutralise “killer-drones", | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | финансиран од NATO SPS под договор бр. G5633, Партнери во проектот: National laboratory (RaSS) – Italy, North Kazakhstan State University – Kazakhstan and Mother Teresa University – Skopje, Период на имплементација: Септември 2019 – Септември 2022 | |
| **3** | **Одбранета магистерска теза** | |
| 3.1 | Павлески Д., Оценка на перформансите на адаптивна сообраќајна сигнална контрола во микро – симулациска околина, Универзитет „Климент Охридски“ – Битола, Технички факултет – Битола, 2018 | 4 |
| | **Вкупно** | **18,3** |

**СТРУЧНО - АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| Број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1** | **Учество во промотивни активности на факултетот и универзитетот** | |
| 3.1 | Промоција на студиска програма | 0,5 |
| **2** | **Идеен проект** | |
| 2.1 | Учесник/соработник во Идеен проект за изградба на брз автобуски систем (автобуско метро) во градот Скопје, за трасата Ѓорче Петров – Ново Лисиче (запад – исток), 2021 | 1 |
| **3** | **Дејности од поширок интерес** | |
| 3.1 | Член на уредувачки одбор на стручно списание ПРЕСИНГ | 0,5 |
| | **Вкупно** | **2** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 24,65 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 18,3 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | 2 |
| **Вкупно** | **44,95** |

Скопје, 15.12.2022

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. **Вонр. проф. д-р Оливера Петровска – претседател, с.р.**
   Факултет за технички науки, Универзитет „Мајка Тереза“, Скопје

2. **Ред. проф. д-р Никола Крстаноски – член с.р.**
   Технички факултет, Универзитет „св. Климент Охридски“, Битола

3. **Ред. проф. д-р Васка Атанасова, член с.р.**
   Технички факултет, Универзитет „св. Климент Охридски“, Битола

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ СОЦИОЛОГИЈА НА МАСОВНИТЕ КОМУНИКАЦИИ И ИНФОРМАЦИИ (51122)**
**НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ на 15 ноември 2022 година, бр.2702, стр.21 и „Коха“ од 14 ноември 2022 година, бр.4689, стр.18, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област *Социологија на масовни комуникации и информации* (51122) од Класификацијата на научно – истражувачки подрачја, полиња и области според Фраскатиевата класификација и врз основа на Одлуката на Наставно–научниот совет, бр. 02-777/1, донесена на 14.12.2022, формирана е Рецензентска комисија во состав:

д-р. Ибрахим Бериша, на Приштински Универзитет, вонреден професор - претседател,
д-р. Сунај Раими, на Универзитет “Мајка Тереза“, редовен професор - член и
д-р. Агрон Куртиши на Универзитет “Мајка Тереза“, вонреден професор - член.

Како членови на Рецензентска комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област Социологија на масовни комуникации и информации (51122) , во предвидениот рок се пријави/-ја:

д-р.доц. Авни Авдиу

1. **БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот д-р Авни Авдиу е роден на 10.01.1973, во Куманово. Средно образование завршил во Гњилане на Косово во 1992. Со високо образование се стекнал на Универзитетот во Приштина, на три насоки, на 04.10.2004 на новинарство (со просечен успех 8,3), на 17.02.2005 на социологија (со просечен успех 10,00), на 01.03.2005 на философија (со просечен успех 10,00). Се истакна во студиите и ја доби дипломата за истакнати студенти на Универзитетот во Приштина.

Кандидатот активно се служи со албански, македонски и англиски јазик.

Во учебната година 2006/2008 се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за општествени науки во Тирана. Студиите ги завршил во 2008 година, со просечен успех 9. Во 2008 година го одбранил магистерскиот труд на тема: „Влијанието на косовските медиуми врз социјализацијата 2006-2008 година“.

1. На 16 февруари 2015 година докторирал философија на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, каде што ментор му бил академик, проф. д-р Ферид Мухиќ. Темата на дисертацијата по политичка философија беше: „Поимот на левицата и десницата кај албанските политички партии во Македонија, Албанија и Косово од 1990 до 2010”, и со тоа ги исполни условите за здобивање со научен степен ДОКТОР НА ФИЛОЗОФСКИ НАУКИ.

2. На 16 јануари 2018 година го одбрани докторатот по социологија на Факултетот за општествени науки во Тирана, каде што беше менториран од проф. д-р Зихди Дервишин. Темата на дисертацијата по социологија на медиумите во Тирана беше: „Влијанието и улогата на медиумите на Косово во процесот на глобализацијата и обратно на глобализацијата во медиумите во последните дваесет години од 1990 до 2010“, и со тоа ги исполни условите за здобивање со научен степен ДОКТОР НА СОЦИОЛОШКИ НАУКИ.

На 10 април 2018 година е избран во звањето доцент на Универзитетот „Мајка Тереза” во Скопје во областа *Социологија на комуникации и масовно информирање* (51122).

Во моментот е доцент на Универзитетот „Мајка Тереза” во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 9 од 18 март 2018 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен/билтени бр. 1 на 23 новемри 2016 и бр. 9 од 18 март 2018 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**<u>Наставно-образовна дејност</u>**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УМТ кандидатот д-р Авни Авдиу изведува (настава, вежби, теренска настава, итн.) на прв и втор циклус студии на студиската програма Медиуми и интеркултурна комуникација и на Социјална работа и социјална политика.

Кандидатот бил ментор на 5 дипломски и специјалистички трудови.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена/или одбрана на 6 дипломски, и 1 магистерски труд.

Кандидатот е автор на рецензиран учебник под наслов „Медиумска едукација и социјализација“, УМТ пресс / 2020 и „Филозофија и социалпсихологија на медиумите“/ 2022.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот. Конкретните активности се наведуваат во табелата во Прилог, со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност</u>**

Д-р Авни Авдиу има објавено вкупно 18 научни трудови од области на социологијата на масовните комуникации и информации, филозофија, психологија и.т.н од кои _/_ научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 5 трудови, во меѓународни научни списанија, 6 трудови во меѓународни научни публикации и 8 трудови во зборници од научни собири. Кандидатот бил ментор на 1 магистерски труд.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот. Називите на трудовите, проектите и сл. се наведуваат во табелата во Прилог, со датуми и други релевантни податоци.**

**<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Авни Авдиу активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Универзитетот„ Мајка Тереза” во Скопје. Врши стручна дејност.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен во работата на стручни комисии и работни групи

Д-р Авни Авдиу активно е вклучен во работата на бројни комисии на УМТ.

Кандидатот учествувал во уредувачкиот одбор за издавање на меѓународното научно списание *South East European Journal of Sustainable Development* (*SEEJSD*).

Бил член на 6 рецензентски комисии за избор на лица во наставно-научно звање.

**Други активности кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот.**
**Конкретните активности се наведуваат во табелата во Прилог, со датуми и други релевантни податоци.**

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Авни Авдиу, во 2022 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на доц. д-р Авни Авдиу.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека доц. д-р Авни Авдиу поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето **вонреден професор** во научната област Социологија на масовни комуникации и информации (51122) .

Според горе изнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за социјални науки при Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје, доц. д-р Авни Авдиу да биде избран во звањето **вонреден професор** во научната област според Фраскатиевата класификација:Социологија на масовни комуникации и информации (51122).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

1. Д-р. Ибрахим Бериша, вонреден професор ____________________, претседател с.р
2. Проф. д-р. Сунај Раими, редовен професор __________________________, член с.р.
3. Д-р. Агрон Куртиши, вонреден професор ___________________________, член с.р.

**ПРИЛОГ**
**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат:** **доц-др. Авни Авдиу**
**Институција:** **Факултет за социјални науки при Универзитет „Мајка Тереза" во Скопје**
**Научна област:** **Социологија на масовни комуникации и информации (51122)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ (НО)**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** **Одржување на настава од прв циклус студии** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | *Онлајн новинарство и социјални медиуми*, FSM4Z5, кредити 4, 4+2 (февруари-мај 2018) УМТ | 3 |
| 2 | *Медиуми и глобализација*, FSM4O1, кредити 5, 4+0 (февруари-мај 2018) УМТ | 3 |
